**Финален извештај од извршен редовен инспекциски надзор над Б-интегрираната еколошка дозвола на субјектот ДПТУ „Марковски Компани Борче„ Дооел**

**-согласно член 37 став (8) од Закон за инспекциски надзор во животната средина („Сл.весник на РСМ„ бр.99/2022) –**

**(21.07.2024 год.)**

Дооел Марковски Компани е субјект со дејност 42.99 –изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго место кој согласно член 122 од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) а, во врска со **Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план** ( ,,Сл.весник на РМ,, бр.89/2005) **Прилог 2, точка 3. Индустрија на минерали, подточка 3.2 - Инсталации за ископ, дробење, сеење, загревање на минерални суровини** (доколку не се опфатени во Прилог 1 од наведената Уредба) од страна на Оштина Ресен му е издадена Б-интегрирана еколошка дозвола. Б-интегрираната еколошка дозвола е издадена за активноста на локалитетот ,,Краста,, што се наоѓа во с.Илино, Ресен на КП52 во КО Болно.во , на површина од Р=0,201352 квадратни километри со проектиран капацитет на ископ од 150.000 тони годишно.

За овој локалитет субјектот има Дозвола за експлоатација на минерална суровина издадена од Министерство за економија, бр.24-6469/2 од 03.11.2015 год. и има склучено Договор со Министерство за економија за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник. Договорот е склучен на 16.06. 2015 год. заведен под број 24-4043/1 и истиот е со важност од 30 години.

Општина Ресен како надлежен орган има издадено Б-интегрирана еколошка дозвола за активноста **ископ на минерална суровина- варовник за локалитетот Краста** на субјектот Дооел Марковски Компани на ден 21.03.2017 год. со број УП-1-18-21. Согласно член 126 став (8) од Закон за животна средина Марковски Компани Дооел на ден **20.06.2024 год.** ја добива обновената Б-интегрираната еколошка дозвола со број **18-628/8.**

На ден 19.06.2024 год. од страна на општинскиот инспектор за животна средина Андријана Георгиевска Зебековска со број на легитимација **28-0002** извршен е редовен инспекциски надзор во субјектот ДПТУ Марковски Компани Борче Дооел при што констатирано е дека на лице место нема никакви активности и не се извршува дејноста за која субјектот ја има Б- интегрираната еколошка дозвола.

ДПТУ Марковски Компани Борче Дооел има обврска да го извсти општинскиот инспектор за животна средина доколку повторне се стави во функција каменоломот.

Општински инспектор за животна средина

Андријана Георгиевска Зебековска